Комора на психолози на Република Македонија, Конгрес на психолози „*Современите трендови во психологијата*", 11-12.11.23, Скопје

**Загуба во семејна и системска психотерапија**

Натка Пачоска[1]**,** Роза Крстеска[2], Мирјана Цветковиќ[1]

[1]Институт Алтернатива, Европски Акредитиран Тренинг Институт за Системска Психотерапија
[2] Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев", Штип

Секоја загуба се доживува тешко бидејќи при тоа умира дел од нас (интроектираниот дел од објектот) со кој субјектот се поистоветува. „...Мртвиот дел од нас може да повлијае на сите наши односи, да има влијание на луѓето, долго, бидејќи губитокот се случил. Проблемите во семејството често настануваат бидејќи не може да се прилагоди и да го оджали својот губиток, Mc Goldrik.
Според Lindeman нормалното тагување спласнува после приближно 6 недели, за разлика од патолошкото кое ќе трае многу подолго и кое се манифестира низ различни симптоми кои претставуваат "дисторзија на нормалниот процес на тагување". Raimbault во врска со анорексичните симптоми пишува "како да се живее, кога треба да се замени некој починат". Вели дека лицата со анорексични симптоми "не живеат во свое име"-тие само имаат функција да ја пополнат празнината продолжувајќи на тој начин подршка и негација на смртта и неприфаќање на тагата за родителите. Raimbault и Eliaceff анализирале случај кој покажувал услови за анорексија при што заклучиле дека младите анорексични лица сакаат со својот изглед и однесување да ја доловат сликата на скелетот, чувството на нечија отсутност. Тоа е негова лична симболизација на смрт и доста често се случува после некој смртен настан и тоа кога смртта не е реално прифатена и кога загубата се смета за невозможна. Смртта е секогаш тука но не се случила, тоа нема крај. Отсуството симболизира смрт на некој од фамилијата или врсник и ја повлекува потребата за претставување на исчезнатиот; починатиот не е починат, но ни живиот не е жив. Само смртта е таа која е реална. Постои неспособност да се прифати оджалувањето. Од друга страна младата индивидуа, која е во фаза на напуштање на домот може да биде оневозможена во тој потфат поради смрт во семејството и при тоа уште повеќе да бидат нагласени сепаративни потешкотии. Вообичаено е првороденото дете да ја преземе улогата на едниот родител. Во трудот обработуваме приказ на случај кај млада прворoдена возрасна индивидуа со појава на симптом на страв од земање на храна, вода, лекови, значаен губиток во телесната тежина... Симптомот се јавува девет месеци после неочекувана загуба на родител од ковид-19, од кој постоела емоционална и финансиска зависност на семејството, а повеќегодишно отуство и прекината комуникација со другиот родител. Младата особа има заштитнички однос кон своите сиблинзи, превземена улога на изгубениот родител (парентификација) и е во животна фаза на напуштање на домот, односно пред основање на свое семејство.